# Службен гласник
## на Општина Струмица

| Број 17 | Вторник, 21. 07. 2009 год. |
|---|---|

www.strumica.gov.mk

## С о д р ж и н а

**Совет на општина Струмица**:

| Р.б. | | Стр. |
|---|---|---|
| **270.** | **Одлука** за донесување на Деталниот урбанистички план за Блок бр.41 во гр. Струмица .. | 2 |
| **271.** | **Одлука** за давање согласност за намената на набавката и за обезбедени средства за реализација.. .. | 3 |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл. весник на РМ” број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица-пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за донесување на Деталниот урбанистички план за Блок бр. 41 во гр. Струмица

1. Се објавува Олуката за донесување на Деталниот урбанистички план за Блок бр. 41 во гр. Струмица, што Советот на општина Струмица ја донесе на седницата одржана на 21.07.2009 година.

Бр. 08-4653/2 Градоначалник
21.07.2009год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

......................................

**270.**

Врз основа на член 26 од Законот за просторно и урбанистичко планирање -пречистен текст („Сл. весник на РМ” бр. 24/08) и член 20 став 1 точка 7 од Статутот на општина Струмица - пречистен текст („Сл. гласник на општина Струмица” бр. 5/06) Советот на општина Струмица на седницата одржана на 21.07.2009 година, донесе

**О д л у к а**
**за донесување на Деталниот урбанистички план за Блок број 41 во гр. Струмица**

Член 1

Се донесува Одлука за донесување на Деталниот урбанистички план за Блок 41 во Струмица.

Член 2

Деталниот урбанистички план за Блок бр. 41 во Струмица е со површина од 16,70 ха и граничен опфат помеѓу улиците: „Цветан Димов”, „Ленинова”, „Климент Охридски” и канал „ Св. Илијски порој”.

Член 3

Деталниот урбанистички план за Блок бр. 41 во Струмица се состои од текстуален и графички дел, кои се составен дел на оваа Одлука .

Член 4

Деталниот урбанистички план за Блок бр. 41 во Струмица се заверува

со потпис и печат на доносителот на планот.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила по објавувањето во „Сл. гласник на општина Струмица".

Бр.07-4653/1 Совет на општина Струмица
21.07.2009 год. Претседател,
Струмица Марјан Даскаловски с.р.

.................................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл. весник на РМ" број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица-пречистен текст ("Сл. гласник на општина Струмица" број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за за давање согласност за намената на набавката и за обезбедени средства за реализација

1. Се објавува Олуката за давање согласност за намената на набавката и за обезбедени средства за реализација, што Советот на општина Струмица ја донесе на седницата одржана на 21.07.2009 година.

Бр. 08-4652/2 Градоначалник
21.07.2009 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

**271.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Сл. весник на РМ" бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица - пречистен текст ("Сл. гласник на општина Струмица" бр. 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 21.07.2009 година, донесе

**О д л у к а**
**за давање согласност за намената на набавката и за обезбедени средства за реализација**

Член 1

Се дава согласност за намена на набавката и тоа за:

- Проект за услуги за дизајн и изработка на соодветни знаци за одбележување и унапредување на шумски патеки.
- Оперативни трошоци за поставување на соодветни знаци за одбележување и унапредување на шумски патеки.

Член 2

Се одобруваат средства по секоја програма поединечно за кофинасирање во висина од 30%, во зависност од одобрените средства од Агенцијата за финансиска подршка во земјоделието и руралниот развој.

Средствата да се обезбедат од Буџетот на општина Струмица

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе е објави во „Сл. гласник на Општина Струмица“.

Бр.07-4652/1 Совет на општина Струмица
21.07.2009 год. Претседател
Струмица Марјан Даскаловски с.р.